Томо ТОМОСКИ

# КОТОКИЈ
## (Прилог кон прашањето за неговата идентификација и убикација)

Топонимот Котокиј бил забележан во Житието на св. Климент заедно со топонимот Кутмичевица во врска со мисионерската дејност на Климент и неговите ученици во подрачјето на големите езера, во централниот Балкан кон крајот на IX век. Во текот на времето се случиле големи политички и општествени промени во кои исчезнале споменатите топоними. Во изминатиот период се зголеми интересот за постарата историја на македонскиот народ, особено за неговата христијанизација. Притоа, се направени повеќе обиди за разоткривање на идентитетот на споменатите топоними. Настојувањата на домашните и странските научни работници да се идентификуваат споменатите топоними не ги дадоа очекуваните резултати. Кус преглед на досегашните проучувања на тој план дадоа В.Н. Златарски и М. Рајковиќ. Според Златарски, Кутмичевица е област, а за Котокиј вели дека бил „трет дел на Бугарија“[1], додека пак Рајковиќ смета дека и Котокиј и Кутмичевица биле „некои области во Македонија“[2]. Краток осврт на досегашните обиди за утврдување на идентитетот на Котокиј е приложен во мојата статија „Прилог кон топографијата на Климентовата епархија“. Притоа, го искажав мислењето дека Котокиј треба да се бара во пределот околу Малик Езеро и горниот тек на реката Девол.[3]

И покрај, навидум неуспех во проучувањето на темата, бездруго треба да се продолжи со работа на утврдување на идентитетот на споменатите топоними. Притоа, треба да се користат податоци од материјалната култура, од писмените извори и од топонимијата.

Драгоцени се, во тој поглед, информациите на домашните и странските медиевисти за рибните ловишта познати како: далјани, струги, наколци, котеци (коци) на езерото Малик, чии остатоци и денес импресионираат со своите димензии. Пределот на денес исушеното езеро е каллив и богат со рибни ловишта. Рибните котеци ѝ дале посебен белег на административната единица. Според описот што го оставил Г. Вајганд езерото било составено од два дела, наречени

1. В.Н. Златарски, История на първото българско царство, частъ 2, София 1927, 885.

2. Византијски извори за историју народа Југославије, т. I., Београд 1955, 308-309 и стр. 299-300, бел. 4, со наведување на постара литература.

3. Т. Томоски, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија. Македонија низ вековите, Скопје 1999, 294-296.

Малики и Совиани.[4]

Археолошките локалитети на Преспа сè уште се во фаза на рекогносцирање и парцијално испитување, а нивната историска вредност може да се оцени дури поопстојни и сестрани теренски проучувања. Траги од потопени населби се забележани кај с. Туминец, во месноста Старо Село (темели од куќи, растурени кошови и колци), потоа во заливот на с. Конско во месноста Дреново (колци и ѕидови од стара населба) и кај с. Стење. Во 1970 г. рибарите од с. Мала Горица извадиле со мрежа од езерото голема количина археолошки материјал, главно садови и еленски рогови.



*Остатоци од рибни ловишта во езерото Малик*

Своевремено Ј.Цвијиќ согледал остатоци од тресавската зона и на островот Аил, како и урнатини од населба на длабочина од три метри. Врз основа на тој наод, Цвијиќ дошол до заклучок дека кон крајот на X и почетокот на XI век водата во Преспанското Езеро била пониска од денешното ниво на езерото.[5]

Манастирите во Македонија, како крупни феудални стопанства, се занимавале и со риболов. Нивните ловишта, главно биле изградени во подрачјето на големите езера, а рибата се ловела, во прв ред, со намети и котеци.

За реката Дрим и за тамошните рибни ловишта зачувани се повеќе податоци во пишаните извори, а исто така и во археолошките наоди. Струга како

4. Исто, стр. 296.

5. Т. Томоски, Преспа во средниот век, Македонија низ вековите, стр. 255.

стопански објект се споменува во кореспонденцијата на охридскиот архиепископ Теофилакт. Тој, во писмото што го испратил до паниперсевастот Вриениј кон крајот на XI век, се жали на даночните службеници, кои побарале данок и на струги, односно, прокопи кои служеле за риболов.[6]

Кон средината на XIV в. во грамотата на српскиот владетел Душан, дадена на охридската црква, се забележани две струги: Струга Враниска и Струга Маала, како и на езерото црквата Св. Никола со сите права и седум рибари.[7]

Во триесеттите години на XIV век на манастирот Трескавец, кај Прилеп, му биле подарени двајца рибари во село Нивици и еден рибар во село Наколец. Во тие години и охридската црква Богородица Перивлепта поседувала седумдесет рибари во Никла, во Преспа.[8]

Рибни ловишта на реката Дрим, од истекот од езерото до селото Добовјани, се забележани во „Алексијадата" на Ана Комнина, византиска писателка од првата половина на XII век. Таа известува дека реката Дрим течела низ стотина потоци, наречени мостови.[9] Нешто подоцна, во 1537 г. Марин Барлети во делото за Георги Кастриот-Скендербег пишува дека близу до Охрид има езеро од кое истекува реката Дрим, многу голема и позната по изобилството на риби од разни видови.[10] Османлискиот патеписец Евлија Челебија (1670 г.) известува дека над големиот мост во Струга се наоѓале стотини ловишта за риби. [11]

За изгледот на овие ловишта кон крајот на XIX век дознаваме од патните белешки на В. Кнчов. Според него, во местото „Даљан" во Струга било изградено ловиште за риби на тој начин што водата меѓу островчињата и брегот на реката била преградена со леси, меѓусебно зацврстени со тесни мостови-кревати. На крајот на преградата во водата биле направени котеци во кои рибата влегувала, а не можела да излегува. Макети на даљаните од Струга и Добовјани можат да се видат во Струшкиот музеј, а тие му послужиле како инспирација за изработка на уметничка слика и на академскиот сликар Вангел Коџоман.[12]

Топонимот Котокиос, споменат во Житието на св. Климент, го добил своето име од споменатите котеци-коци, распоредени по бреговите на езерата и на реката Црн Дрим. Станува збор за рибни ловишта кои биле изградени на бреговите на, сега исушеното, езеро Малик. Котеците ѝ дале посебен белег на административната единица. Езерото Малик било составено, како што видовме, од два дела, Малик и Совијани. Во зима и пролет водата на реката Девол лежи и тогаш двата дела прават единствена езерска површина. Во лето пак еден дел

6. Т. Томоски, МОКРОs во историјата на македонскиот народ, Македонија низ вековите, стр. 326.

7. Исто, стр.327.

8. Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, Прилеп 1988, стр. 123. Сп. Т. Томоски, Преспа во средниот век, стр. 253.

9. Т. Томоски, МОКРОs во историјата на македонскиот народ, стр. 321.

10. Исто, стр. 325, бел.17.

11. Исто, стр. 325, бел. 18.

12. Исто, стр. 327.

од езерото пресушува, а другиот се претвора во две локви покриени со тресава.

На крајот и како заклучок, уште еднаш се осврнуваме на поставеното прашање. Бугарскиот владетел Борис кон крајот на IX век го испратил Климент во Кутмичевица, во мисионерска дејност, да го шири христијанството и да го поучува населението. Во меѓувреме, била извршена реорганизација на државната управа, при што Кутмичевица се одделила од Котокиј. Називот Котокиј е рибарски термин и означува ловиште за риби. Станува збор за ловишта кои биле изградени на езерото Малик и во горниот дел на реката Девол. Според хрониката на Јован Музаки, на езерото Малик во средниот век се ловеле големи риби-јагули.[13]

Во исто време, името Кутмичевица постепено било потиснато и на негово место започнал да се употребува називот Деволска област и Деволска епископија. Познат е записот за епископот Марко во Деволската епископија, кој бил четврти епископ на словенски јазик во Девол.

Денес името Деволи го носи еден предел, кој се протега помеѓу Преспанската Краина и Божиградии.

13. C.Hopf, Chroniques Greco-Romanes, Berlin 1873, 280-281, 294.